Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците ДОСТОИНСТВЕН РАБОТНИК
Адреса. Трајко Сандански бр.3, Прилеп, Р.Македонија
Блог.www.zdr-adw.weebly.com
е-маил. zdr.adw15@yahoo.com
тел.+38948612854

Association for promotion and protection of workers` rights DECENT WORKER
Address: Trajko Sandanski no.3, Prilep, R.Macedonia
Blog. www.zdr-adw.weebly.com
e-mail. zdr.adw15@yahoo.com
phone.+38948612854

наш бр./our no.
ваш бр./your no.

ДО

Електронските и печатените медиуми

Прилеп, 07.10.2017

Предмет: СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

ШТО ЗНАЧИ ДОСТОИНСТВЕНА РАБОТА ЗА ТЕКСТИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ?
МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА ДОСТОИНСТВЕНА РАБОТА – 7МИ ОКТОМВРИ

Почитувани,

Да се зборува за достоинствена работа во Македонија е многу проблематична задача. Високата стапка на невработеност во Македонија е најголема на европскиот континент, кои ги има срушено најелементарните стандарди на трудот, на чесната работа, на трудовото право и пазарот на трудот.

Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците Достоинствен Работник по повод Меѓународниот ден за достоинствена работа – 7ми Октомври достоинствено го одбележа овој значаен ден кое стави акцент на текстилните работници во општина Прилеп.

Почитувани работници, достоинствената работа мора да се заснова врз верувањето дека секое современо демократско општество мора и треба да обезбедува нови вработувања, социјален напредок и развој, достоинствен живот, еднаков третман и еднакви можности за сите за продуктивна работа и личен и општествен развој проследен со достоинствено платен труд и социјална и материјална егзистенција.

Здружение Достоинствен Работник го промовира концептот на пристојна работа со главен акцент на текстилните работници во општина Прилеп без разлика на останатите работници во останатите дејности (градежништво, земјоделство, трговија, туризам, и други) во Република Македонија за обезбедување на социјална сигурност, сигурни работни места, достоинствена плата, намалување на стапката на сиромаштија, унапредување на социјалниот дијалог и учество на синдикатите и граѓанските организации во креирањето и одлучувањето за прашања значајни за работниците од секоја дејност.

По сите дефиниции во Република Македонија не постои достоинствена работа. Сите ние треба да се запрашаме зошто работадавачите се однесуваат така како што се однесуваат? Во крајна линија достоинствената работа ја дефинира пазарот на трудот. Најранливи категории се младите, жените, хендикипираните и постарите вработени.

Здружение Достоинствен Работник на овој значаен ден за достоинствена работа ги повикува Државниот инспекторат за труд и Министерството за труд и социјална политика во наредниот период да бидат поактивни на терен, и да ја следат работата во компаниите и фирмите (домашни и странски инвестиции) во реализација на законите од областа на трудот и безбедноста и здравје на работно место.

Здружение Достоинствен Работник ги повикува сите работници да си ги бараат своите права кои му се загарантирани со Законот за работни односи и Колективните договори, и наместо понизност и прифаќање на секакви понижувачки услови за работа треба да се знае сопствената вредност.

***

Со почит,

Тим на Здружение Достоинствен Работник
емаил. zdr-adw15@yahoo.com, кон.тел. 048612854